
USA TODAY BESTSELLING AUTHOR
DAWN BROWER
TEKTIME
Обземен од мојата божиќна кокета
Поврзани низ времето

Dawn Brower

# Обземен Од Мојата Божиќна Кокета

«Tektime S.r.l.s.»

**Brower D.**

Обземен Од Мојата Божиќна Кокета / D. Brower — «Tektime S.r.l.s.»,

Дали грофот од Винчестер ќе предложи брак, и што е уште поважно, дали воопшто ќе ја сака леди Аделајн Карвин ако бидат присилени на венчавка? Нејзиниот божиќен период не излезе како што таа се надеваше... Леди Аделајн Карвин има една желба за божиќниот период: да доживее љубов. Како одговор на нејзиниот копнеж се појавува Девон Хејз, гроф од Винчестер. Опасно привлечен, попалав не се родил. Нивната прва средба е магична, таа е среќна што Бадник ќе го помине во неговите прегратки. Се сомнева дека утрото потоа тој ќе продолжи да ѝ изјавува љубов, и неговите мили зборови ги смета за празни ветувања, дури и кога сака да му верува. Кога нејзиниот татко, војводата од Вајтвуд ќе ги најде во срамна ситуација, сè ќе се смени. Леди Аделајн е во неодбранлива ситуација која требаше да ја спречи. Иако не жали за ноќта помината со Конор, посакува утредента неговата љубов да е вистинита. Девон не очекуваше да наиде на волшебна дама на божиќната забава на која е поканет, но уште од прв поглед е обземен од неа. Ја прогонува безмилосно, без идеја што планира откако ќе ја добие. Откако таа своеволно ќе му падне во прегратки, тој ѝ се заблагодарува на судбината што му ја донесе, но работите ќе се сменат кога ќе биде загрозена неговата слобода. Присилен е да се преиспита себеси и мора да донесе одлука која би требало да е многу лесна за еден вљубен човек. Дали грофот од Винчестер ќе предложи брак, и што е уште поважно, дали воопшто ќе ја сака леди Аделајн Карвин ако бидат присилени на венчавка?

© Brower D.
© Tektime S.r.l.s.

# Содержание


| | |
|---|---|
| Contents | 7 |
| Признанија | 8 |
| ПРОЛОГ | 9 |
| Конец ознакомительного фрагмента. | 11 |

# Обземен од мојата божиќна кокета

# Contents

Признанија
1. ПРОЛОГ
2. ПРВА ГЛАВА
3. ТРЕТА ГЛАВА
4. ЧЕТВРТА ГЛАВА
5. ПЕТТА ГЛАВА
6. ГЛАВА ШЕСТА
7. ГЛАВА СЕДМА
8. ГЛАВА ОСМА
9. ЕПИЛОГ
За авторот

Ова е фиктивно дело. Имињата, ликовите, местата и случките се производ на фантазијата на авторот или се користат фиктивно и не треба да се сфаќаат како вистинити. Секоја сличност со вистински места, организации или лица, живи или мртви, е сосема случајна.

Обземен од мојата божиќна кокета Copyright © 2020 Dawn Brower

Дизајн на насловната страница од Викторија Милер.

Сите права се задржани. Не е дозволено електронско копирање или отпечатување без писмена дозвола, со исклучок на случаи на кратки цитати вметнати во рецензии.

Напишана за секој кој посакал љубов, а особено за оние кои посакале да имаат некој со кого ќе ги споделат празниците.

Приказнава нека ви ги стопли срцата.

# Признанија

Во овој дел изразувам огромна благодарност на мојот уредник и дизајнер на насловната страница, Викторија Милер. Таа ми помага повеќе одошто можам да кажам. Ценам сè што таа прави и тоа што секогаш ме притиска да бидам подобра... да направам нешто подобро. Ти благодарам илјада пати.

Исто така на Елизабет Еванс. Ти благодарам што си секогаш тука за мене и што си ми пријателка. Многу ми значиш. Зборот благодарам не е ни малку доволен, но тоа е сè што имам, затоа ти благодарам пријателке, за тоа што си ти.

# ПРОЛОГ

*Декември 1865*

Леди Аделајн Карвин гледаше низ прозорецот од библиотеката во Вајтвуд Аби. Големите снегулки се пластеа на земјата. Вечерното небо беше толку преплавено од снежниот налет што ѕвездите речиси не се разликуваа од снежно белите паспулавици. Таа продолжуваше да зјапа, со надеж дека ќе се појави ѕвезда-паѓалка.

Бидејќи... ѝ беше потребна.

Се умори од тоа да не биде сакана. Добро, тоа беше мало претерување. Семејството ја обожаваше. Секоја девојка посакува родители како нејзините, а баба ѝ и дедо ѝ ѝ беа приврзани. И нејзиниот помал брат, иако ја нервираше, ја сакаше. Но тоа не беше исто како да се биде заљубен. Имаше 21 година, времето кога треба да почувствува романтична љубов кон маж беше пред неа. Аделајн го посакуваше она што го имаа нејзините родители, војводата и војвотката на Вајтвуд. Можеби бараше премногу.

„Што има толку интересно надвор?" праша нејзиниот помал брат Џејми. Го носеше името на нивниот дедо, Џејмс Кендал, војводата од Вестон. Беше осум години помал од неа, и од она што го разбра, потполно изненадување за нејзините родители. Тие сметале дека нема да имаат повеќе деца.

„Ништо," таа одговори ведро. Тој имаше 13 години и беше љубопитен како и секое младо момче. „Бурата засилува. Се надевам нема да ги спречи гостите во посетата за Божиќ." Тие организираа домашна забава што ќе трае до следната година. Две недели со семејство и пријатели со кои се немаа видено. Таа со нетрпение сакаше да ја види својата помлада братучетка, Франческа Кендал. Џејми се радуваше што ќе ги види другите братучеди, Спенсер Кендал и Оливер Росингтон. Двете момчиња беа помали од Аделајн, но постари од Џејмс, и како и нејзиниот помал брат, наследници на титулата на своите татковци. Франческа беше три години помала од Аделајн.

„Подобро да не," рече тој тврдоглаво. „Мама ни вети извонредно време со сите, дури ми вети дека ќе можам да дојдам на божиќниот бал."

„Навистина?" рече таа, кревајќи ја веѓата. „Цела ноќ?

„Не," рече тој и воздивна. „Смеам да останам само кога ќе се краси елката и до крајот на првиот танц."

Вообичаено, тие ја красеа елката како семејство, но годинава, нејзината мајка Елизабет реши да ја прекине традицијата. Ќе имаат ден за креирање орнаменти за елката, а потоа, на вечерниот бал сите ќе ги закачат своите креации пред вистинскиот почеток на прославата. „Тоа повеќе звучи на нешто што би прифатила мама."

Тој го збрчка носот. „Секако не ми е грижа за танцувањето. Тоа е за девојчиња."

„Ох," започна таа. „Не знам. Кога ќе потпораснеш поинаку ќе мислиш. Има господа кои уживаат во танцување." А некои сосема го избегнуваа…

„Јас не," одговори тврдоглаво. „Мене никогаш нема да ми се допаѓа."

Аделајн се поднаведна и му ја разбушави косата со рацете. Обајцата ги имаа истите златни локни и сини очи како нивните родители. Џејми почнуваше да наликува на помлада верзија на својот татко, а Аделајн повеќе потсетуваше на мајка си. Немаше сомнеж кои им се родители, кога некој ќе ги погледнеше. „Ти верувам." Ниту нивниот татко не сакаше многу танцување. Се предаваше само кога требаше да ѝ удоволи на мајка им. Војводата ќе стореше сѐ за својата војвотка. Зрачеа со нивната взаемна љубов, а тоа ја правеше Аделајн љубоморна. Таа повторно ѕиркаше низ прозорецот, но ниедна ѕвезда не паѓаше. Можеби сепак треба да си замисли желба. Може и ќе се исполни.

„Уживај во зјапањето низ прозорец," рече Џејми. „Јас ќе правам нешто продуктивно."

„Како на пример?” љубопитно праша таа.

„Делкам неколку парчиња дрво како подароци. Треба да го завршам коњот што го изработувам за дедо.” Тоа беше извонредна идеја. Аделајн посакуваше да поседува слична вештина за да изработи нешто креативно како подарок. Џејми беше мошне надарен, тоа му беше една од специјалните способности. Тој беше тактичен и добиваше впечатоци од предмети откако луѓе ќе ги допреа. За жал, Аделајн, според својата проценка беше емпатична. Таа премногу чувствуваше, а понекогаш во присуство на други лица, нивните чувства стануваа нејзини. Тоа ги отежнуваше социјализирањето и вљубувањето. Не можеше да им верува на своите чувства.

„Едвај чекам да ги видам.” Таа ги поткрена усните во мила насмевка. „Оди заврши ги подароците. Јас ќе поседам овде уште малку.”

„Ќе ти покажам кога ќе завршам,” тој вети и излезе од собата.

Аделајн се сврти назад кон прозорецот. Снегот беше подзабавил, не паѓаше толку многу. Небото беше повидливо, а ѕвездите како да ѝ намигаа. Воздивна. Што значеше тоа? Одлучи да не се колеба повеќе. Немаше зошто да продолжи да чека ѕвезда-паѓалка. Очекувањето ѝ беше невозможно, а и не беше гаранција дека желбата ќе ѝ се исполни.

Наместо да се надева на невозможното, таа ги затвори очите и ги испрати своите надежи и сништа кон светот. Сакаше љубов, дури и да постоеше само една ноќ, тоа ќе ѝ беше доволно, си вети.

Не бараше премногу, така барем таа се молеше. Привлечно момче кое ќе ја гледа неа, а не титулата и богатството на татко ѝ. Некој кој ќе ја бакнува дури не изгуби здив, ќе ја допира како да е неодолива, и ќе ѝ изговара слатки зборови додека не ѝ излета срцето од гради. Момент на љубов и доживотен спомен. Тоа би било доволно. Боже, се надеваше дека би било...

Аделајн ги отвори очите и гледаше кон небото. Надвор не се смени ништо, ниту пак таа почувствува некаква промена во себе. Можеби желбата беше залудна, ама таа не се согласуваше. Утре ќе почнат да доаѓаат гостите, па можеби, ако желбата ѝ биде услишена, ќе се појави некој што ќе го засака.

И можеби, неговата љубов ќе биде вистинска, а не произведена од желбата на една каприциозна дама, очајна по нешто допирливо.

# Конец ознакомительного фрагмента.

Текст предоставлен ООО «ЛитРес».

Прочитайте эту книгу целиком, купив полную легальную версию на ЛитРес.

Безопасно оплатить книгу можно банковской картой Visa, MasterCard, Maestro, со счета мобильного телефона, с платежного терминала, в салоне МТС или Связной, через PayPal, WebMoney, Яндекс.Деньги, QIWI Кошелек, бонусными картами или другим удобным Вам способом.